Скијачка Федерација
на Македонија

Врз основа на член 9 в.в. член 12, став и 1 и став 2, алинеја 2, член 19 став 1 и 3, член 21, член 22, став 1, алинеја 3, 5, 10 и 16 и член 35, став 1, точка 3 од Правилникот за работа на дисциплинската комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност од 20.10.2022 година на Скијачка федерација на Македонија, со седиште на ул. Руѓер Бошковиќ бб, Скопје (во понатамошниот текст само „СФМ"), Дисциплинската комисија на седницата одржана на ден 09.11.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## I.

**Клуб за биатлон и нордиски дисциплини ОЛИМПИК-СКИИ Скопје**, бул. Партизански одреди бр. 55-1/17 Скопје, ЕМБС 6738320, ЕДБ 4016011501697, се огласува за виновен дека ги сторил следните дисциплински прекршоци:

- Недоставување на извештај за (наративен и финансиски) за претходно добиени средства од страна на СФМ или друг извештај до СФМ,
- Непочитување и непостапување по одлуките донесени од Извршниот одбор,
- Нецелосно, несовесно и/или ненавремено извршување на делегираните или договорени активности,
- Сторил повреда со која го нарушил угледот на СФМ.

## II.

На Клуб за биатлон и нордиски дисциплини ОЛИМПИК-СКИИ Скопје, бул. Партизански одреди бр. 55-1/17 Скопје, ЕМБС 6738320, ЕДБ 4016011501697 му се изрекуваат следнит едисциплински казни:

- **Забрана за учество и гласање во органите на СФМ со времетраење од 1-една година сметано од денот на донесување на оваа одлука** и
- **Предлог за трајно исклучување од членство во СФМ.**

Врз основа на оваа одлука да се достави предлог до Собранието на СФМ на следната седница на Собранието на СФМ Клуб за биатлон и нордиски дисциплини ОЛИМПИК-СКИИ Скопје да се исклучи трајно од членство во СФМ.

## III.

На Клуб за биатлон и нордиски дисциплини ОЛИМПИК-СКИИ Скопје, бул. Партизански одреди бр. 55-1/17 Скопје, ЕМБС 6738320, ЕДБ 4016011501697 му се изрекува **споредна казна – парична казна во висина од 90.000,00 денари.**

Се задолжува Клуб за биатлон и нордиски дисциплини ОЛИМПИК-СКИИ Скопје да ја исплати паричната казна во рок од 5-пет дена од денот на прием на оваа одлука.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 28.10.2022 година од страна на Претседателот на СФМ поднесена е Пријава за поведување на дисциплинска постапка против Клуб за биатлон и нордиски дисциплини ОЛИМПИК-СКИИ Скопје (во понатамошниот текст само „ОЛИМПИК СКИИ"). На ден 31.10.2022 година Дисциплинската комисија при СФМ утврди дека Пријавата ги исполнува условите за поведување на дисциплинска постапка по што на 02.11.2022 година по препорачана пратка ОЛИМПИК-СКИИ беше повикан писмено да се произнесе по поднесената Пријава и приложените докази кон истата во рок од 5-пет дена.
По истекот на предвидениот рок за доставување на писменото произнесување, на ден 09.11.2022 година Дисциплинската комисија одржа седница на која ја разгледа пријавата, наводите во истата и доказите во прилог, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Клубот ОЛИМПИК СКИИ е постојан – редовен член на СФМ со право на глас во Собранието на СФМ.
Со Одлука на Извршниот Одбор на СФМ од 27.07.2022 година ОЛИМПИК СКИИ е избран за технички организатор на Ролер Ски натпревар Крушево ФИС и Ролер скии натпревар Пелистер ФИС. За организација на секој од натпреварите на ОЛИМПИК СКИИ му се доделени и исплатени во два наврати по 150.000,00 денари односно вкупно 300.000,00 денари кои средства ОЛИМПИК СКИИ бил должен да ги искористи за техничко организирање на натпреварите и покривање на трошоците за техничките лица и делегати ангажирани во организацијата. При тоа во член 4 од одлуката е наведено дека клубовите се должни во рок од 15 дена од денот на одржување на натпреварите да достават детален финансиски извештај за потрошените средства заедно со копија од фактурите, договори за дело и други документи кои се предмет на потрошени средства.
Натпреварите биле одржани во период од 16-19.08.2022 и 19-21.08.2022 година.
Со оглед да ОЛИМПИК СКИИ по организирање на натпреварите не доставил извештај ниту наративен ниту финансиски со пропратна документација, истиот во неколку наврати бил повикан да ги достави извештаите и тоа по пат на е-маил испратен на ден 02.09.2022, 07.09.2022, 12.09.2022 и 22.09.2022 година..
Извршниот одбор дополнително на седница одржана на ден 15.09.2022 година, донел одлука со која го задолжува ОЛИМПИК СКИИ да ги достави бараните извештаи во рок од 7-седум дена која е испратена до ОЛИМПИК СКИИ и Претседателот Васил Сокле на ден 10.10.2022 година по пат на електронска пошта. Согласно оваа одлука и датумот на испраќање на електронската пошта рокот за доставување на извештаите истекол на 17.10.2022 година. На седницата на Извршниот одбор на кој е донесена оваа Одлука лично бил присутен и Васил Сокле, претседател на ОЛИМПИК СКИИ.
До денот на одржување на оваа седница, ОЛИМПИК СКИИ се уште ги нема доставено бараните извештаи.

По организирање на натпреварите на ден 21.10.2022 година од страна на Техничкиот делегат на ФИС Петар Зографов, пристигнат е маил до СФМ со кој ја известува СФМ дека техничкиот организатор ОЛИПИК СКИИ не му ги има исплатено трошоците кои опфаќаат дневница и патни трошоци во вкупен износ од 1.267,00 CHF иако сите потребни документи веќе ги имал испратено до Васил Сокле кој е претседател на ОЛИМПИК СКИИ. Истиот ден е пристигнат уште еден емаил со кој Техничкиот делегат се обраќа директно до ОЛИМПИК СКИИ и Васил Сокле околу исплаќањето на средствата.

Претседателот на СФМ на ден 25.10.2022 година се обратил до ОЛИМПИК СКИИ и претстедателот Васил Сокле повикувајќи ги во рок од три дена да ја извршат исплатата но до денот на одржување на седницата на Комисијата ОЛИМПИК СКИИ се уште ги нема исплатено трошоците на техничкиот делегат Петар Зографов. На 09.11.2022 година добиен е уште еден маил со кој се потврдува дека трошоците се уште не се исплатени.

Како резултат на вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека со ваквото постапување ОЛИМПИК СКИИ ги сторил следните дисциплински прекршоци:

- Недоставување на извештај за (наративен и финансиски) за претходно добиени средства од страна на СФМ или друг извештај до СФМ
- Непочитување и непостапување по одлуките донесени од Извршниот одбор;
- Нецелосно, несовесно и/или ненавремено извршување на делегираните или договорени активности
- Сторил повреда со која го нарушил угледот на СФМ.

утврдени во член 22, став 1 алинеја 3, 5, 10 и 16 од Правилникот за работа на дисциплинска комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност (во понатамошниот текст само „Правилникот“), од причина што:

- ОЛИМПИК СКИИ до денот донесување на оваа Одлука се уште не ги доставил потребните извештаи (финансиски и наративен) со целокупната пропратна документација која го оправдува трошењето на доделените средства.

- ОЛИМПИК СКИИ до денот на донесување на оваа одлука одбива да постапи по Одлуката на Извршниот одбор од 15.09.2022 година со која Извршниот одбор го задолжил ОЛИМПИК СКИ како технички организатор на КРУШЕВО и ПЕЛИСТЕР ФИС РОЛЕР СКИ НАТПРЕВАРИ одржани на ден 16-19.08.2022 и 19-21.08.2022 во рок од 7-седум дена од прием на одлуката да достави извештај – спортски (наративен) и финансиски заедно со пропратна финансиска документација (копија од фактури, договори за дело и други документи кои се предмет на потрошените средства).

- ОЛИМПИК СКИИ нецелосно и ненавремено ги извршил своите делегирани активности како технички организатор на натпреварите на начин што до денот на донесување на оваа одлука се уште и по истек на 2-два месеци од одржување на натпреварите ги нема покриено трошоците на техничкиот делегат на ФИС иако тоа е побарано лично од техничкиот делегат а и од претседателот на СФМ.

- ОЛИМПИК СКИИ со нецелосно извршување на своите делегирани активности како технички организатор го нарушува угледот на СФМ пред други лица и меѓународни организации а во конкретниот случај пред ФИС.

Комисијата го имаше во предвид и фактот дека утврдените дисциплински прекршоци не биле пропишани како казниви во моментот на сторување, односно Правилникот за работа на дисциплинска комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност е усвоен на 20.10.2022 година, по организирање на цитираните настани. Но во конкретниот случај јасно произлегува дека станува збор за продолжени дејствија имајќи го во предвид фактот дека ОЛИМПИК СКИИ до денес се уште ги нема поднесено бараните извештаи, се уште не ја почитува одлуката на Извршниот одбор со која се задолжува да достави извештаи, ги нема до крај спроведено договорените активности односно ја нема извршено исплатата спрема техничкиот делегат

на ФИС со што го нарушил и угледот на СФМ. Дополнително доколку ОЛИМПИК СКИИ и во иднинина во догледно време не ги исполни овие свои обврски, СФМ ќе биде приморано да ги исполни истите со што ќе се нанесе директна штета на СФМ. Од друга страна Правилникот е прикачен на веб страната на СФМ со што се смета дека сите засегнати лица и членови на СФМ се информирани со истиот и запознаени со неговата содржина како и со последиците кој истиот ги произведува.

Согласно член 12 од Правилникот парична казна може да се изрече за сторени дисциплински прекршоци, доколку тие се од посериозно значење или ако настапила штетна последица од поголеми размери. Паричната казна може да се изрече и како споредна казна. Паричната казна може да се изрече во износ од 12.000,00 денари до 120.000,00 денари кога се изрекува на клуб.

Согласно член 19 од Правилникот, казната предлог за времено или трајно исклучување во рамки на СФМ, се изрекува како најстрога казна за прекршоци сторени под посебно тешки околности, кога сторителот при нивното извршување покажал посебна одлучност, упорност и безобзирност или предизвикал особено тешки последици и се на штета на СФМ и скијачкиот спорт. Во случај на донесена одлука за трајно отстранување од членство во СФМ се доставува предлог за исклучување на клубот до собранието на СФМ.

Согласно член 21 од Правилниот, забрана за учество и гласање во органите на СФМ се изрекува на клуб за сторен прекршок, кој не ги почитува одлуките на органите на СФМ и/или акти на СФМ и/или не поднесува извештаи и/или ја клевети или навредува СФМ или нејзини членови, членови на органите и телата на СФМ, натпреварувачи, тренери и други ангажирани лица со своето делување го нарушува угледот и честа на СФМ и/или нејзините членки и/или претходно веќе му е изречена некоја дисциплинска казна.

Врз основа на наведеното произлегува дека се исполнети условите од член 22, став 1 алинеја 3, 5, 10 и 16 и член 12, 19 и 21 од Правилникот.

При одлучувањето е земен во предвид фактот дека ОЛИМПИК СКИИ и неговиот Претседател кој воедно е и член на Извршниот одбор воопшто не прават никакви напори да постапат по одлуките донесени од страна на Извршниот одбор, ниту пак да ги поднесат бараните извештаи како и да ги исполнат до крај своите договорени активности како технички организатор на ролер ски натпреварите во Крушево и Пелистер иако за тоа се во неколку наврати повикани од страна на Претседателот на СФМ. Сето ова укажува на постоење и умисла од страна на сторителите при сторување на дисциплинските прекршоци и нивна одлучност, упорност, решителност и безобзирност при ваквото постапување. Неиспраќањето на извештаите за организираните натпревари само го потврдува фактот дека со ваквото постапување ОЛИМПИК СКИИ се обидува да го прикрие фактот дека не ги исполнил своите обврски спрема сите лица ангажирани околу организацијата на натпреварите, како што е во конкретниот случај техничкиот делегат на ФИС. Сето ова придонесува и до нарушување на угледот на СФМ пред ФИС, организација која исто така го финансира и работењето на СФМ.

Како резултат на сето погоре наведено а имајќи ја во предвид сериозноста и одлучноста при сторувањето на дициплинската повреда, целосната несоработка од страна на

ОЛИМПИК СКИИ во оваа постапка како и во постапките кои претходеле на оваа дисциплинска постапка, следуваше Дисциплинската комисија да ја донесе одлуката како во диспозитивот на истата.

Одлучено на ден 09.11.2022 година

Претседател на Дисциплинска комисија на СФМ

Јасмина Брезовска

СКИЈАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволната страна има право на жалба до Извршниот одбор на СФМ во рок од 5-пет дена од приемот на оваа одлука,